# АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

# С Т А Т У Т

## НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**Б и т о л а     15.07.1998 год.**

Врз основа на член 6 точка 1 од Законот за основање на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (“Сл. весник на Република Македонија бр. 3/98), Управниот Одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството на седницата одржана на ден 15.07.1998 год. донесе:

# С Т А Т У Т

## на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

член 1

Со овој Статут се уредува организацијата, управувањето и раководењето во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството ( во натамошниот текст Агенцијата), фирмата, седиштето, дејноста, печатот, заштитниот знак, јавноста во работата, општите акти и нивно донесување и друго.

член 2

Агенцијата има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Закон и овој Статут.

член 3

Агенцијата во правниот промет со трети лица одговара со сите средства со кои располага.

1. Име, знак, печат и седиште на Агенцијата

член 4

Името на Агенцијата гласи: “Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството”.

член 5

Седиштето на Агенцијата е во Битола.

член 6

Агенцијата има свој печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма со пречник 3,3 см. и во него е напишан следниот текст "Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола".

Агенцијата може да има повеќе печати, но тие мора да бидат нумерирани.

Начинот на употребата, ракувањето, чувањето и уништувањето на печатот се уредува со општ акт на Агенцијата.

Штембилот има правоаголна форма со димензии 5,5 х 3,5 во кој покрај ознаката за број и дата стои и името на Агенцијата.

член 7

Агенцијата има заштитен знак.

Формата, содржината и употребата на заштитниот знак се уредува со одлука на Управниот одбор на Агенцијата.

член 8

Во правниот промет Агенцијата користи единствен меморандум прилагоден за употреба за деловните односи во земјата и странство.

Во меморандумот се содржани името и седиштето на Агенцијата, заштитниот знак на Агенцијата и други податоци неопходни за остварување на деловните контакти.

член 9

Агенцијата работи самостојно и ја врши својата дејност на начин определен со Законот за основање на Агенцијата, овој Статут и другите општи акти на Агенцијата.

## II. ДЕЈНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА

член 10

Агенцијата ги врши следните дејности:

- советодавни услуги во земјоделството
- економски, организациони и технолошки услуги ( консултантска дејност, продуктивност на трудот, технолошки, организациони и економски студии и анализи, изработка на планови и проекти за развој, подготвување на инвестициони програми и сл.)

член 11

Агенцијата во својата дејност ги врши следните работи утврдени со Закон:

1. Давање непосредна помош на земјоделците за примена на соодветни мерки:

- во поледелството, лозарството и овоштарството, воведување на нови технологии во одгледувањето, правилна употреба на ѓубривата, избор на сорти, подигање и одгледување на насадите, поставување на демонстративни опити со нови сорти и технологии и сортни испитувања;

- во сточарството: упатување на примена на мерки за подобрување на производните својства, обезбедување на правилна исхрана за добивање на поквалитетни производи ( млеко, месо, волна, јајца и др.);

2. Соработка со здруженијата на земјоделците и единиците на локалната самоуправа;
3. Насочување на земјоделските производители за производство на култури и произоди според потребите на пазарот;
4. Непосредно извршување на дел од мерките за спроведување на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството ( во натамошниот текст Програмата);
5. Давање насоки за развој на земјоделството врз основа на сознанијата од теренот;
6. Пренесување на стручни сознанија до непосредните земјоделски производители како и научно апликативните достигнувања во земјоделското производство;
7. Давање насоки во изборот на соодветна земјоделска механизација и опрема за растително и сточарско производство и нејзино правилно и рационално користење;
8. Вршење инструктажа, демонстрација за современи постапки за чување и преработка на земјоделски производи ( од растително и животинско потекло) и подготовка за пласман;
9. Стручно оспособување на земјоделските производители преку одржување на советувања, семинари, курсеви и сл.;
10. Организирање на натпревари за високи приноси, учествување на саеми и изложби, организирање на сточарски смотри и тракторски натпревари;
11. Подготвување на истражувачки предлози во земјоделството;
12. Воспоставување и користење на информативни системи во земјоделското производство;
13. Давање помош на земјоделските производители за востановување евиденција во врска со земјоделското производство, негова рентабилност и економичност;
14. Изготвување на информативни рекламни списанија, брошури, памфлети, прирачници, во кои би биле опфатени новитетите од домашни и странски извори на информации од областа на земјоделството и
15. Други стручни и апликативни мерки за кои ќе се јави потреба.

член 12

Агенцијата ги врши и следните работи:

- економско финансиски консулатации со фармерите и здруженијата на фармерите;
- стручни совети на фармерите околу организирањето на пласманот на земјоделските производи;
- упатства и стручни консултации на фармерите за сметководствената, финансиската и материјална евиденција на фармата;
- вклопување на фармерите во фискалната политика на државата;
- давање совети и информации на фармерите за промените во прописите од областа на земјоделството;

- давање инструкции на фармерите околу склучување на разни видови договори од кои има потреба фармерот и други работи.

член 13

Агенцијата ќе соработува со образовните и научно- истражувачките институции од каде ќе ги црпи најновите сознанија во доменот на примената на агротехничките и зоотехничките мерки и заедно со нив ќе се вклучува во истражувачките проекти во земјоделството.

## III. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

член 14

Агенцијата ја застапува и претставува Директорот.

Во отсуство на Директорот, административно техничките работи на Агенцијата ќе ги врши работникот што ќе го овласти Директорот.

## IV. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА РАБОТЕЊЕ

член 15

Агенцијата во својот состав има 6 регионални центри поделени според агроеколошката припадност:

1. Регионален центар - Битола
2. Регионален центар - Тетово
3. Регионален центар - Скопје
4. Регионален центар - Куманово
5. Регионален центар - Штип
6. Регионален центар - Струмица

член 16

Во составот на Регионалните центри влегуваат 30 работни единици и тоа:

- **Регионален центар - Битола**, со 7 работни единици : Битола, Крушево, Ресен, Прилеп, Демир Хисар, Охрид и Струга.
- **Регионален центар - Тетово** со 5 работни единици : Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и Македонски Брод.
- **Регионален центар -Скопје** со 4 работни единици: Скопје, Велес, Неготино и Кавадарци.
- **Регионален центар - Куманово**, со 4 работни единици: Куманово, Свети Николе, Крива Паланка и Кратово.
- **Регионален центар - Штип**, со 6 работни единици: Штип, Пробиштип, Кочани, Виница, Берово и Делчево.

- **Регионален центар - Струмица**, со 4 работни единици: Струмица, Радовиш, Валандово и Гевгелија.

Работната единица во седиштето на регионалниот центар ќе ги извршува и задачите на центарот.

Внатрешната организација на Агенцијата се уредува со Правилникот за внатрешната организација на работа и Правилникот за систематизација на работите и задачите.

**а. Дејност на регионалните центри**

член 17

Регионалните центри ги вршат следните работи:

- ја координират и усогласуваат работата на работните единици врз основа на заедничка програма на Агенцијата според специфичноста на локално ниво со тим на специјалисти за покривање на основните земјоделски активности карактеристични за регионалниот центар,
- изработуваат развојни планови за земјоделството во регионот,
- соработуваат со претставниците на регионалните здруженија на земјоделските производители,
- вршат насочување на работните единици и земјоделците во тие региони и здруженијата за производство на култури и производи според потребите на пазарот,
- даваат насоки во изборот на соодветна механизација и опрема за растително и сточарско производство и нејзино правилно и рационално користење според специфичноста на регионот,
- вршат инструктажа и демонстрација за современи постапки за чување и преработка на земјоделски производи според специфичноста на регионот,
- организираат стручно оспособување на кадрите во работните единици и земјоделските производители преку одржување на советувања, семинари и курсеви,
- поднесуваат предлози за истражувачки работи во земјоделството во регионот на Агенцијата и друго.

**б. Дејност на Работните единици**

член 18

- Работните единици ги вршат следните работи:

1. Давање непосредна помош на земјоделците и нивните здруженија за примена на соодветни агротехнички мерки.
2. Насочување на земјоделските производители и нивните здруженија за производство на култури и производи според потребите на пазарот.
3. Давање насоки во изборот на соодветна земјоделска механизација и опрема за растително и сточарско производство и нејзино правилно рационално користење.

4. Давање помош на земјоделските производители за доставување на податоци за евиденција во врска со земјоделското производство, неговата рентабилност и економичност.

5. Соработка со локалните здруженија на земјоделските производители.

6. Поставувње на одредени демонстративни опити во земјоделството и друго.

член 19

Доколку се јави потреба Агенцијата можи да формира и стручни канцеларии во работните единици.

Начинот на формирањето на стручните канцеларии ќе се регулира со Правилникот за внатрешната организација на работа и Правилникот за систематизација на работите и задачите.

**в. Советодавни одбори**

член 20

Со цел да бидат поцелосно застапени интересите на земјоделците на регионално ниво, Агенцијата формира регионални советодавни одбори со претставници од здруженијата на земјоделците од подрачјата на работните единици.

Формирањето на советодавните одбори го врши Директорот на Агенцијата врз основа на предлозите на здруженијата на земјоделците.

**г. Задачи на советодавните одбори**

член 21

Советодавните одбори ги вршат особено следните работи:

- заедничко договарање за развојните програми во регионот со регионалните центри,
- учество во подготовката на годишната програма за работа на Агенцијата, посебно во соодветниот регион со регионалните центри,
- давање на одредени мислења и насоки за работењето на работната единица на Агенцијата и друго,
- претставување и штитење на интересите на земјоделците пред регионалните центри и др.

член 22

Вкупниот број на членовите во советодавните одбори во Регионалните Центри како и нивната застапеност по општини ќе го утврди Управниот Одбор на Агенцијата со посебна Одлука.

## V. ОРГАНИ НА АГЕНЦИЈАТА, НИВНИ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

член 23

Органи на Агенцијата се : Управен Одбор и Директор.

### 1. Управен Одбор

член 24

Управниот одбор е орган на управување на Агенцијата.

Управниот Одбор на Агенцијата е составен од 9 члена кои ги именува и разрешува Владата на Република Македонија на предлог на Министерот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за период од 4 години и тоа: 6 члена од редот на земјоделските производители, 1 член од Земјоделскиот институт, 1 член од Институтот за сточарство и 1 член од Земјоделскиот факултет.

Со работата на Управниот Одбор раководи Претседател кој од редот на членовите на Управниот Одбор го именува Владата на Република Македонија за период од 4 години.

член 25

Управниот одбор на Агенцијата:

- донесува Статут на Агенцијата,
- донесува Деловник за својата работа,
- донесува Програма и план за работа, финансиски план, годишна пресметка и врши надзор во нивното извршување,
- утврдува цени на услугите за работите што не се утврдени со Програмата,
- ги утврдува битните прашања врзани за деловната политика и остварување на целите на Агенцијата,
- расправа и одлучува по извештаите на Директорот,
- одлучува за инвестициони вложувања во Агенцијата и за условите и начинот на вложување на средства на правни и физички лица од земјата и странство за развој на Агенцијата,
- основа Комисии и други работни тела,
- одлучува по приговори од втор степен,
- врши и други работи.

член 26

Начинот на работа на Управниот Одбор, свикување на седниците, одлучувањето и други прашања, се уредуваат со Деловникот за работа на Одборот.

### 2. Директор на Агенцијата

член 27

Директорот е раководен орган на Агенцијата.

Директорот на Агенцијата ги врши работите утврдени со законите, Статутот и другите акти на Агенцијата.

Директорот на Агенцијата за својата работа одговара пред Управниот Одбор на Агенцијата и пред Владата на Република Македонија.

Директорот на Агенција учествува во работата на Управниот Одбор на Агенцијата, без право на учество во одлучувањето.

член 28

Директорот на Агенцијата го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Мандатот на Директорот трае 4 години со право на повторен избор.

член 29

Директорот на Агенцијата ги врши и следните работи:

- организира, обезбедува и одговора за законито и ефикасно извршување на работите од делокругот на работата на Агенцијата,
- ги подговтува нацртите и предлозите на општите акти кои ги донесува Управниот Одбор,
- обезбедува јавност во работата на Агенцијата,
- ги подготвува материјалите за седниците на Управниот Одбор,
- ги спроведува општите акти и одлуките на Управниот Одбор,
- го спроведува извршувањето на Програмата за работа,
- на Управниот Одбор му предлага финансиски план за наредната година,
- дава упатства и насоки за работата на Агенцијата,
- поднесува писмен извештај за својата работа до Управниот Одбор на Агенцијата според потребите, а најмалку еднаш годишно,
- склучува Договори во рамките на овластувањата утврдени со Закон и со овој Статут,
- формира повремени Комисии и други работни тела за вршење на работите од својата надлежност,
- ја координира работата со регионалните работни единици,
- одлучува за прием на работници и нивно распоредување согласно актот за систематизација,
- одлучува за одделни права, обврски и одговорности на работниците од работниот однос во согласност со закон, колективен договор и општите акти на Агенцијата,
- врши и други работи утврдени со Закон и со овој статут.

За извршување на работите од својата надлежност Директорот донесува решенија, наредби, упатства и др.

член 30

Директорот како помошно тело формира стручен колегиум кој го сочинуват претставници од Регионалните центри и Стручната служба на Агенцијата.

Со Стручниот колегиум раководи Директорот.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА АГЕНЦИЈАТА

член 31

Средтвата за работа на Агенцијата се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија за извршување на дел од работите утврдени со Програмата,
- Приходи од тековно работење,
- другu извори.

Висината на надоместокот на услугите кои не се опфатени со Програмата од став 1 од овој член се пресметуваат согласно тарифата која ја утврдува Управниот Одбор по предлог на Директорот на Агенцијата.

член 32

После 2000-тата година средствата од Буџетот на Република Македонија секоја година ќе се намалуваат за 5% за да го достигнат процентот од 50% за период од 10 години.

Со средства од Буџетот од 50% и понатаму ќе се финансира работењето на Агенцијата, а другите средства ќе се обезбедуваат од соодветни услуги и други извори предвидени со законот.

член 33

Агенцијата после 2000-та ќе донесе долгорочна програма за начинот за нејзино финансиско работење.

член 34

Агенцијата ќе склучува договори со Владата на Република Македонија за користењето на средствата од Буџетот врз основа на одобрената годишна финансиска програма.

член 35

Трансофмацијата на Агенцијата од јавна служба до нејзино постепено намалување на финасирањето од Буџетот и зголемување на приходите од вршењето на услугите на земјоделците, ќе се реализира во период од 10 години за што Агенцијата ќе изготви долгорочна програма.

член 36

Агенцијата во своите развојни планови ќе предвиди постепено зголемување на приходите од вршење на услуги кај земјоделците, а при тоа ќе се води сметка и за целосно спроведување на услугите што се финансираат од Буџетот на Република Македонија.

член 37

Со зголемување на делот на финансирањето на услугите до 50% од потребите, Агенцијата преку ресорното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе предложи преземање на активности пред Владата на Република Македонија за измена на Законот во кој членовите на Управниот одбор посебно од редот на земјоделците ќе ги предлагаат претставниците на регионалните совети, а изборот на Директор ќе го врши Управниот Одбор за кој согласност ќе дава Владата на Република Македонија.

член 38

Со постепеното осамостојување на финансирањето на Агенцијата преку услугите на корисниците ќе се зголеми и делот на контролата на работењето на Агенцијата преку регионалните советодавни одбори.

член 39

Влијанието врз носењето на плановите за работа од страна на Владата постепено ќе се намалува со намалувањето на финасирањето, а ќе се зголемува влијанието на корисниците на услугите од Агенцијата за износ за кој тие партиципираат преку користењето и наплатата на услугите.

член 40

Агенцијата во својот делокруг на работа не можи да се занимава со продажба на репроматеријали во земјоделството.

член 41

Агенцијата во своето работење со трети лица за поставување на одредени опити, испитување на сорти, заштитни средства и нивно ширење, ќе склучува договори за нивна реализација и применување во земјоделството.

член 42

Агенцијата има жиро сметка преку која ќе се извршува прометот на паричните средства.

## VII. ИМОТ НА АГЕНЦИЈАТА

член 43

Агенцијата има имот кој е составен од недвижности ( деловни згради, простории и сл.), подвижен имот ( возила, компјутери, телефони и сл.), побарувања и пари во сопственост на Агенцијата кои се превземаат од постоечките центри за унапредување на земјоделството.

Со имотот на Агенцијата располага и управува Управниот одбор и Директорот на Агенцијата во рамките на своите овластувања.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ И ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА

член 44

Работата на Агенцијата е јавна.

Јавноста во работата се обезбедува преку:

- овозможување на претставниците за јавно информирање да присуствуваат на седниците на Управниот одбор.

- преку издавање на соопштенија до средствата за јавно информирање за работата на Управниот одбор и на Агенцијата.

- доставување на извештаи и информации до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## IX. ОДБРАНА

член 45

Заради остварување на дејноста во воена состојба, Агенцијата во рамките на своето редовно работење во мир спроведува соодветни подготовки за одбрана и изработува план за одбрана во согласност со Законот за одбрана и другите прописи за одбрана.

член 46

Планот за одбрана на Агенцијата го донесува Директорот на Агенцијата.

Со спроведувањето на подготовките и со преземањето на мерките за заштита и спасување, раководи Директорот на Агенцијата.

член 47

Заради заштита на тајните податоци и информации во областа на одбраната, Агенцијата спроведува посебни мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

## X. ОПШТИ АКТИ И ПОСТАПКА ЗА НИВНО ДОНЕСУВАЊЕ

член 48

Иницијатива за спроведување на постапка за донесување на Статутот ни другите општи акти на Агенцијата како и нивното изменување можат да поднесат:
- Директорот на Агенцијата,
- една третина од вкупниот број на членови од Управниот Одбор и
- најмалку 20% од вкупниот број на вработени во Агенцијата.

член 49

Директорот на Агенцијата го подготвува Нацртот односно предлогот на статутот и другите општи акти и ги доставува до Управниот Одбор на Агенцијата.

член 50

Управниот одбор на Агенцијата по предлог на Директорот на Агенцијата покрај статутот на Агенцијата донесува:
- Правилник за внатрешната организација на работа на Агенцијата,
- Правилник за систематизација на работите и задачите на Агенцијата;
- Правилник за платите, надоместоците и другите материјални трошоци;
- Деловник за работа на Управниот одбор;
- Правилник за дисциплинска и материјална одговорност на работниците;
- Правилник за заштита при работа и заштита од пожар;
- Правилник за архивско работење и
- други акти.

член 51

Поединечните акти што ги донесува Директорот на Агенцијата мора да бидат во согласност со Статутот.

член 52

Измените и дополнувањата на општите акти се вршат во постапка утврдени за нивно донесување.

Општите акти влегуваат во сила осмиот ден од денот на нивното објавување на огласната табла на Агенцијата.

Општите акти се применуваат од денот на нивното влегување во сила, ако со Одлуката за нивно донесување не е определено поинаку.

член 53

Автентично толкување на Општите акти дава Управниот одбор на Агенцијата.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 54

Општите акти на Агенцијата ќе се донесат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила со овој Статут.

член 55

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Агенцијата, а ќе се објави по добивањето Согласност од Владата на Република Македонија.

**Б и т о л а**
**15.07.1998 год.**
**02-70/3**

**Претседател на Управниот Одбор**
**Д-р Ѓорги Мартиновски с.р.**

**Дадена согласност на Статутот со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 23-327-9 од 15.09.1998 год. објавено во Сл. весник на РМ бр. 52-98**